РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 18-2113/3
13. 12. 2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Извештај
# за извршен надзор на законитоста на работата од областа на животната средина на општина Дебрца за 2023

Министерството за животна средина и просторно планирање врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на министерката за животна средина и просторно планирање со бр. 18-2113/1 од 17.03.2023 година, подготви Прашалник кој беше доставен до општините дадени во Планот со цел да се изврши надзор на законитоста на работата на општините во областа на животната средина.

На ден 20.06.2023 година, Општина Дебрца до Министерството за животна средина и просторно планирање (Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 18-2113/2 од 17.03.2023 година), достави допис бр.18-2394/9 со прилог пополнет Прашалник за надзор над законитоста на работата на општините.

Пополнетиот Прашалник во однос на спроведување на законодавството од областа на животната средина беше разгледан од страна на Комисијата и при тоа се дојде до следните констатации заради увидени недостатоци кои е потребно општината да ги отклони и за тоа да го извести министерството, и комисијата дава неколку препораки:

- *По однос на обврските согласно **Законот за животна средина:***

-Потребно е да се отпочне постапка за изготвување на ЛЕАП

- *Во однос на спроведување на постапката за **одобрување на елаборати за животната средина** од страна на комисијата а врз основа на прашалникот е утврдено дека:*

Општина Дебрца ја спроведува постапката за одобрување на Елаборати за заштита на животната средина, но за истите не се води регистер на одобрени или неодобрени Елаборати за заштита на животната средина. Општината нема овластено лице за одобрување на елаборатите.

***Мерка:***

Согласно утврдените неправилности и се укажува на општината Дебрца да овласти вработен во општината со писмено овластување како и да води регистер за одобрени Елаборати во кој ќе бидат запишани и претходно одобрените или неодобрени Елаборати за заштита на животната средина.

- *Во однос на спроведување на постапката за издавање на Б **интегрирани еколошки дозволи** од страна на комисијата а врз основа на прашалникот е утврдено дека :*

- Општината ја спроведува постапката за издавање на Б- интегрирани еколошки дозволи како и нивно обновување.
- Имаат 3 дозволи кои се издадени од страна на Општина Охрид, врз база на меѓуопштински договор за соработка кој моментално не е во важност.
- Немат одговорно лице кој би ги работело евентуелните нови барања за издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи и не се песметува годишен надоместок за поседување на издадените Б-ИЕД.

*Мерки:*

1. Потребно е општината да овласти лице кое ќе одговара на барањата за Б-ИЕД или да го обнови договорот за меѓуопштинска соработка.
2. Дозволите кои се издадени од страна на Општина Охрид се Б-ДУОП и роковите за премин во Б-ИЕД се одамна поминати, согласно ова потребно е да се достават Барања за Б-ИЕД од страна на операторот и истите да се процесираат.
3. Потребно е редовно да се пресметуваат надоместоци за Б-ИЕД.
4. Потребно е редовно да се доставуваат издадените дозволи до МЖСПП како би можеле истите да бидат ставени во Регистарот на издадени дозволи кој го води и одржува Одделението за интегрирано спречување и контрола на загадување.

- *Во областа на **отпадот** комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:*

*Мерки:*

- Се препорачува, општината да ги следи и да земе активно учество при формирањето на одборот каде се вклучуваат општините од Југо-западниот плански регион и Пелагониски плански регион.
- Се препорачува, Градоначалникот на општината да одреди локации каде ќе се поставаат садови за собирање и селектирање на отпадот со кои ќе се овозможи селектирање и на опасниот отпад од домаќинставта, согласно обврските во рамките на Закон за проширена одговорност на производители.
- Се укажува од страна на Комисијата, Градоначалникот да води грижа за исполнување на обврската, селектирање на отпад, од страна на давателите на услугата во соработка со постапувачите на посебни текови со отпад не само со електрична и електронска опрема туку и за сите останати посебни текови со отпад.
- Се препорачува, Општината да отпочне со водење на Катастар за својата територија, каде ќе се евидентираат создавачите на неопасен и опасен отпад согласно член 101 од Закон за управување со отпад.
- Се препорачува, Општината да отпочне со исполнување на обврската за објавување на податоци кои се однесуваат на состојбата во управување со отпад, за постигнатиот напредок, идните активности за подобрување на состојбата за управување со отпад,

како и споредбени податоци за постојната со претходната состојба за упарвување со отпад, согласно член 102 од Закон за управување со отпад.

- *Во областа на **водите** комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:*

- Општината согласно член 26 и 28 од ЗВ за водните тела од кои се користи вода за консумирање од страна на човекот за населените места во Дебарца за кои не се прибавени дозволи за користење на вода потребно е да се прибават, исто така и за испуштања или фрлање материи и супстанции во реципиенти за населените места во општина Дебарца за кои не е прибавена дозвола за испуштање огласно член 79 од ЗВ потребно е истата да се прибави. За издадените дозволи за користење за вода или дозвола за испуштање, шест месеци пред истекот на рокот на важност на дозволите потребно е да се достави барање за нивно продолжување до Министерството за животна средина и просторно планирање.
- Општината потребно е согласно член 96 став 2 од ЗВ да донесе Одлука за потребата од определување на заштитни зони за водни тела од кои се користи вода за консумирање од страна на човекот. Одлуката за потребата со барање и Елаборат за определување на заштитни зони потребно е да се достави до Министерство за здравство и Министерство за животна средина и просторно планирање за да согласно член 96 став 1 од ЗВ се изработи Предлог одлука за заштитни зони која ќе ја донесе Владата на РСМакедонија. По донесување на одлуката од страна на Владата на РСМакедонија потребно е општината во урбанистичките планови на општината да ги прикажува картографски заштитните зони, согласно член 98 став 4 ЗВ.
Потребно е општината да донесе Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води согласно член 114 од ЗВ и да врши одведување и собирање на отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувајки го и отстранувањето на тињата и да врши пречистување на отпадните води согласно член 113 од ЗВ. Согласно член 116 треба да обезбеди ефлуентите од индустриските отпадни води коишто влегуваат во системите за собирање и прочистување на урбани отпадни води да бидат подложни на потребниот предтретман.
- Општината да донесе Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124 ЗВ (која треба да содржи изградба на насипи, акумулации, регулација на реки, уредување на порои, заштита на земјиште од ерозија, пошумување и сл.) и да се преземаат мерките за заштита од друго штетно дејство на водите во урбаните подрачја согласно оваа програма.
- Согласно член 126 од ЗВ потребно е да се изработи План за заштита и одбрана од поплави да се достави до Министерство за животна средина и просторно да се донесе истиот и да се спроведуваат мерките од истиот. Планот за заштита и одбрана од поплави особено да содржи: топографски, хидролошки, хидротехнички, демографски, стопански и други подлоги и податоци, граници на загрозеното подрачје, работи и

мерки што се преземаат и извршуваат пред опасноста и за време на одбраната од поплави и органи надлежни за заштита и одбрана од поплави.

- Општината согласно член 143 од ЗВ да изработува, доставува и објавува извештаи за активностите кои се реализирани во претходната година како и за предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.
- Согласно член 133 секоја година до крајот на септември општината да продолжи да врши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата. Доколку водотеците не обезбедуваат непречен проток се преземат мерки од страна на општината.
-Советот на општината на територијата под нејзина надлежност потребно е да ги определи границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија како и да ги утврди мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите, врз основа на техничка документација согласно член 135 од ЗВ и да ги презема мерките за заштита на ерозивни подрачја согласно член 137 од ЗВ. Општината исто така да ги превземе мерките за уредување на пороите што се наоѓаат на нивното подрачје согласно член 141 од ЗВ.
- Согласно член 131 од ЗВ во населените места кои се на територија на Општина Дебарца потребно е да се определи ширина на крајбрежен појас на водотеците за кои не е определен истиот и тоа: ширината на крајбрежниот појас на водотеците ја определува советот на општините и советот на градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општините и на градот Скопје, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина. Како и согласно член 132 да го уредуи пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности.
- Општината за водните тела кои не се опфатени со мерните места од државната мрежа согласно член 145 став 3 од ЗВ можат да воспоставуваат локални мрежи на мерни места за мониторинг на водните тела и за да се врши мониторингот да донесат Програма за мониторинг на водите согласно член 145 став 7 од ЗВ, како и да доставуваат податоци од извршениот мониторинг согласно член 156 ЗВ.

- <u>Во областа на **просторното планирање** комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:</u>

1. Општината не ги исполнила обврските (согласно член 5 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, "Службен весник на РМ" бр.3 9/04), каде што: Заради континуирано следење на состојбите во просторот и спроведување на Просторниот план на Република Македонија, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, јавните служби, организациите, претпријатијата, установите, институциите и другите правни лица (извештајни единици) се должни да изготват Годишен Извештај за состојбите и промените во просторот, од својата област и истите да ги доставуват до органот на државната управа надлежен за вршење на

работите од областа на просторното планирање, односно до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Содржината на извештаите, постапката и начинот на изготвување, како и роковите за нивно доставување, се уредени со "Правилникот за постапката, начинот на изготвување, содржината на извештаите за состојбите и промените во просторот и роковите за нивно доставување" (Службен весник на Република Македонија бр. 42/05,111/06 и 17/2010).

2. Општината исто така го нема информирано министерството кои урбанистички планови и урбанистички проекти се донесени во тековната година со дефиниран плански опфат (дали се разликува од издаденото Решение за Услови за планирање на просторот). Односно по донесување на планот донесувачот е должен да го извести органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторното планирање за донесувањето на урбанистичкиот план со дефиниран опфат и за земјоделското земјиште кое со планот добило статус на градежно земјиште.

- <u>Во областа на **бучавата** комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:</u>

-Општината да започне со примена на законските надлежности во целост бидејќи е констатирано дека во оваа област нема никакви активности.

- *<u>Во областа на **природа** комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:</u>*

- Општина Дебарца да ја унапреди примената на законските надлежности од областа на заштита на природата, особено Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион и да ги зајакне капацитетите за ефикасно спроведување на законите.

Општината да постапи согласно член 20 став (2) од Законот за управување со светското природно и културно наледство во Охридскиот регион, односно на видно место на природното наследство да го постави знакот за светско наследство, усвоен од органите на Конвенцијата на УНЕСКО.

Урбанистичките планови и измените на постојните урбанистички планови што Општината Дебарца ги донесува има обврска согласно член 17 од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион да ги доставува на мислење до органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на заштита на природата, пред да започнат со спроведување на јавна расправа по истите.

Општина Дебарца нема одговорено на прашање 9, односно дали имаат намера или преземаат активности или дејствија врз светското природно наследство во Охридскиот регион со кои може или се овозможува користење на природното наследство спротивно на членот 23 став (2) од овој закон;

➢ ***Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршење на надзорот ги дава и следните препораки:***

-Комисијата дава препорака во општината пред се да се изврши измена на систематизацијата на работни места. Се препорачува во Одделението за урбанизам, комунални јавни дејности, заштита на животната средина и локален економски развој, да се систематизираат работни места кои ке ги опфаќаат сите надлежности од областа на животната средина кои ги има општината, а кои произлегуваат пред се од Законот за животна средина, Законот за управување со отпадот, Законот за заштита од бучавата, Законот за води и останатите закони.
-Да се обезбедат вработени кои ќе работат во областа заштита на животната средина, при што постапките да се спроведуваат целосно и правилно.
-Комисијата дава препорака во општината да се овозможи учество на стручни обуки на вработените во општината кои работат во делот на заштитата на животната средина особено во делот на управување со отпад и управување за квалитет на амбиентниот воздух, со цел зајакнување на капацитетите за реализација на проекти, инвестициони зафати за подобрување на општата состојба со управување на отпадот како и за квалитет на амбиентниот воздух.

За превземените активности општината да го извести министерството (Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата од областа на животната средина), Одделение за соработка со локална самоуправа во Секторот за соработка со локална самоуправа и управно надзорни работи во рок од **6 месеци** со писмен допис.

Скопје, 2023 година

Претседател на Комисија
за вршење надзор на законитоста на работата
на органите на општината, на градот Скопје и
на општините во градот Скопје
Тања Кироска Донски

Членови на Комисијата:

Лумни Јашари ____________
Ирена Николоска____________
Влатко Цветаноски____________
Даниела Ристова, ____________
Даниела Наумоска, ____________
Соња Фунарџиска____________
Исуф Фетаи ____________